РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 0201-1006/9
01.03.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 28.02.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 7-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Г-дин Петрушевски информира дека предложениот Дневен ред ќе се коригира затоа што ќе се внесат три нови точки и тоа: Точка 5 - Предлог за запирање на покренатата постапка за ТРД ГАЛАКСИ – 2002 Кавадарци, Точка 6 - Предлог за запирање на покренатата постапка за ТРД ТВ – ЕДО Сарај и Точка 7 - Предлог за запирање на покренатата постапка за ТРД Т. В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот коригиран:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.02.2024 година.
2. Извештај за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година со Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка.
3. Предлог за запирање на покренатата постапка за ХИТ РАДИО Струмица.
4. Предлог за запирање на покренатата постапка за РАДИО РЕД ФМ Тетово.
5. Предлог за запирање на покренатата постапка за ТРД ГАЛАКСИ – 2002 Кавадарци.
6. Предлог за запирање на покренатата постапка за ТРД ТВ – ЕДО Сарај.

7. Предлог за запирање на покрената постапка за ТРД Т. В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга.
8. Информација за прекин на постапките по барања за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво поради распишување на избори во 2024 година, со Предлог-Известувања.
9. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 19.02.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи предложениот Извештај за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година со Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка. Објасни дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Законот за сметководство за непрофитни организации, ја доставува годишната сметка за 2023 година, најдоцна до 29 февруари во тековната година. Вкупно остварените приходи во 2023 година изнесуваат 97.085.706,00 денари. Најголем дел од овие приходи односно 54.351.919,00 денари што преставува 55,98% од вкупните приходи, се за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ (односно 54.000.000,00 денари) и наплатена радиодифузна такса од минатите години во износ од 351.919,00 денари. Финансирањето по овој основ и во 2023-та година е во помал процент од тој што е утврден во Законот. Со законските измени кои стапија во сила на 28 јули 2023 година, почнувајќи од месец август 2023 година, од Буџетот на РСМ требаше да се издвојуваат средства за финансирање на радиодифузната дејност во висина од 1% од реализираните даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија, од кои 5% се наменети за финансирање на Агенцијата. Меѓутоа, објасни дека за месеците август, септември, октомври, ноември и декември 2023 на месечно ниво на Агенцијата и беа префрлани 4.500.000,00 денари, наместо 5.237.054,00 денари. Односно за периодот од 5 месеци беа уплатени помалку средства од законски предвидените за 3.685.270,00 денари. Наведе дека од таа причина Агенцијата во 2024 година, поднесе тужба до надлежниот суд за исплата на средствата во процент кој е утврден со законската одредба. Согласно Одлуката за финансиска помош (донација), годишниот надоместокот за дозвола за радиодифузерите за 2023 година, беше намален за 25%. Од дозволите за вршење радиодифузна дејност се остварени вкупни приходи од 30.931.171,00 денари, додека од надзорот за реемитување на програмски сервиси и аудиовизуелни медиумски услуги по барање се остварени приходи од 10.620.245,00 денари. Останатите приходи се остварени од транзитни фактури во износ од 1.045.762,00 денари, други приходи во износ од 135.583,00 денари и од позитивни курсни разлики во износ од 1.026,00 денари. Вкупните реализираните расходи во 2023-ра година изнесуваат 111.337.058,00 денари. Најголеми расходи се за исплата на бруто

плати на вработените во стручната служба, во износ од 60.550.025,00 денари што преставува 54,38% од вкупните расходи. Други поголеми расходи се однесуваат на надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата во износ од 10.331.245,00 денари, за сервисирање и одржување на средствата на Агенцијата во износ од 8.640.590,00 денари, расходи за потрошена електрична и топлинска енергија во износ од 3.131.709,00 денари, за набавка на DMS (Document Management System) и Firewall, се потрошени средства во износ од 6.268.968,00 денари и расходи за ангажирање на надворешни соработници преку Агенција за привремени вработувања, за ангажирање на биро за преведување, за одржување на хигиената во деловните простории износ од 4.574.035,00 денари. Вкупно реализираните расходи се пониски од планираните расходи на наведените позиции во усвоениот Финансиски план за 2023-та година. Вкупните побарувања на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според годишната сметка за 2023-ра година изнесуваат 3.150.728,00 денари и во најголем дел се однесуваат на издадени фактури во минати години. Вкупните обврски кои ги има Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кон доверителите според годишната сметка за 2023-ра година изнесуваат 2.057.137,00 денари. Овие долгови се однесуваат за недоспеани обврски, кои во најголем дел се платени во месец јануари 2024-та година. Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на крајот на 2023-ра година изнесува 277.644.417,00,00 денари. Во наредната 2024 година, ќе бидат пренесени средства во вкупен износ од 127.981.020,00 денари.

Г-дин Петрушевски рече дека ќе постави едно директно прашање кое не е поврзано со Извештајот, туку во врска со дискусијата на директорот од пред некоја седница кога најавил дека има мало позитивно поместување, дека има одредени уплати од МИОА на сметка на Агенцијата. Праша дали уплатите од министерството продолжуваат во позитивна насока или статусот е поинаков?

Г-дин Трајчевски објасни дека од последниот пат кога имаше уплата до денес нема промена. Но треба да се види од утрешниот ден кога министерството треба да префрли средства. Има усни најави од новиот министер дека ќе се продолжи со надополнување на средствата кои што и припаѓаат на АВМУ согласно Законот, но каков ќе биде трендот на исплата, дали ќе продолжи министерството со исплата, ќе се види следната недела.

Г-дин Петрушевски рече дека финансискиот резултат ќе беше уште поповолен ако редовно беа уплаќани средства од МИОА како што и пишува во Законот. Но добрата страна е што Агенцијата има заштедено средства од претходни години и што не се неразумно потрошени. Со тоа се добива одредена сигурност за Советот и пред сè за вработените. Во секој случај Агенцијата треба и понатаму да продолжи да си ги бара правата како што пишува во Законот, за иднината на Агенцијата воопшто. Сè уште не е лоша финансиската состојба, но ако продолжи вака ќе мора средствата од претходните години да се трошат. Се изјасни дека ќе го подржи Извештајот, лично е задоволен како работи Агенцијата, директорот и службата, максимално штедливо како и секогаш и смета дека така и ќе се продолжи.

Г-дин Фиданоски рече дека радува најавата што ја кажал директорот Трајчевски дека ќе продолжи тенденцијата на исплата на средствата кои и ги должи МИОА на АВМУ, дека ќе бидат согласно Законот исплаќани. Рече дека ќе даде поддршка за Извештајот. Потенцира дека Агенцијата за разлика од други институции и државни

органи кои немаат усвоено завршна сметка сè уште за 2022 година, како на пример што е завршната сметка за централниот буџет, АВМУ усвојува сметка за 2023 година, што значи дека си ја врши работата така како што треба. Ако беше усвоена таа завршна сметка за централниот буџет за 2022 година, оние 62 милиони денари што и припаѓаат на Агенцијата од буџетот, по негова груба проценка ќе беа за 6-7 милиони денари повеќе, што значи повеќе средства ќе требаше да се исплатат. Не сака да шпекулира дали тоа е намерно направено или не, но очекува и другите институции да работат како што работи и Агенцијата ревносно. Објасни дека ги разгледал ставките од Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за 2023 година, и го радува фактот што се помали од планираните, што значи дека економично се работело и верува дека ќе се продолжи во тој контекст.

Г-дин Ајдини рече дека според дадените бројки се гледа дека Агенцијата има финансиски капацитети и понатаму да ги извршува нејзините обврски дадени во Законот. Смета дека трендот на исплата од страна на МИОА ќе продолжи и понатаму. Имаше некои потешкотии во минатото со исплатата, но сепак смета дека АВМУ може и понатаму самостојно и автономно да ги извршува законските обврски. Се изјасни дека ќе даде поддршка за Извештајот.

Советот на Агенцијата едногласно го прифати Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година бр.0501-1009/1 од 26.02.2024 година и едногласно донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023 година.

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации, годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 3, 4, 5, 6 и 7**

Г-дин Петрушевски предложи за сите пет точки да се даде заеднички вовед и дискусија а потоа секоја од нив поединечно да се гласа.

Советот немаше против.

Г-дин Трајчевски објасни дека сите пет радиодифузери за кои што им беше покрената постапка за одземање на дозволата, во дополнителниот рок го платија надоместокот во целост. Од таа причина се предлага запирање на постапките.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица, Уп1 бр.08-128 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-789/2 од 22.02.2024г., Трговското радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ Струмица, годишниот

надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0071 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, Уп1 бр.08-133 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-790/2 од 23.02.2024г., Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0076 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, Уп1 бр.08-100 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-788/2 од 27.02.2024г., Трговското радиодифузно друштво ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0053 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, Уп1 бр.08-14 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-787/2 од 27.02.2024г., Трговското радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0008 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 7*

Советот на Агенцијата донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Т. В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, Уп1 бр.08-55 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.0503-782/2 од 27.02.2024 година, Трговското радиодифузно друштво Т.В. КАЛТРИНА Мазар Татеши, Струга ДООЕЛ, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0018 од 11.01.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече се надева дека оваа година ќе бидат подобри финансиските услови за радиодифузерите поради Изборите 2024 година и следната година нема да бидат во ваква иста ситуација да се покренуваат постапки за одземање на дозволата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Информација за прекин на постапките по барања за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво поради распишување на избори во 2024 година, со Предлог-Известувања. Објасни дека има две поднесени барања од заинтересираните страни, за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на град Битола и град Тетово. Но поради распишаните Избори 2024, се предлага да се прекинат постапките по доставените две писмени барања до изборот на претседател на РСМ, пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ во 2024г., согласно со резултатите од изборите, по што истите да продолжат согласно одредбите од ЗААВМУ.

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.0803-680/3 од 26.02.2024 година и едногласно донесе Заклучок да се прекинат постапките по доставените 2 (две) писмени барања од заинтересираните страни, за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на град Битола и град Тетово до завршување на изборот на претседател на РСМ, пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ во 2024г., согласно со резултатите од изборите, по што истите да продолжат согласно одредбите од ЗААВМУ.

За донесениот Заклучок да се известат подносителите на Барањата, како заинтересирани страни за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на град Битола - правното лице Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз КАМАЈ МЕДИА ДООЕЛ Битола и за подрачјето на град Тетово физичкото лице Блерим Јакупи од Тетово.

По завршување на изборот на претседател на РСМ, пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ во 2024 г., согласно со резултатите од изборите, да се побара од заинтересираните страни да се изјаснат дали сè уште имаат интерес за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на град Битола и на град Тетово.

Г-дин Трајчевски по гласањето објасни дека теоретски може да се случи АЕК да одговори дека нема слободни фреквенции, но како и да е постапките ќе продолжат по завршување на изборите.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

_________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**